# П. Зошто повеќето бомбаши-самоубијци се Муслимани?

Според социологот Диего Гамбета од Универзитетот во Оксфорд, уредникот на изданието *Каква е смислата на самоубиствените мисии* - една сеопфатна историја на оваа актуелна а сепак загадочна појава - иако самоубиствените мисии не се секогаш мотивирани од религиозни побуди, во случаите кога е инволвирана и религијата тоа секогаш е Исламот.[1] Зошто? Зошто Исламот е единствената религија што ги мотивира своите следбеници за самоубиствени мисии?

Неочекуваниот одговор од перспективата на еволутивната психологија е дека муслиманските самоубиствени бомбашки напади можеби немаат никаква врска ниту со Исламот ниту со Коранот (ако се исклучат два ајети од него). Можеби немаат никаква врска ниту со религијата генерално, со политиката, културата, расата, етничката припадност, јазикот ниту пак со географскиот регион. Како и во случаите со се друго, погледнато од оваа перспектива, оваа појава можеби е поврзана со сексот, во овој случај со неговото *отсуство*.

Она што Исламот го издвојува од другите големи светски религии (Христијанството и Јудаизмот) е тоа што тој ја толерира полигинијата. Како што објаснивме во второто поглавје („Зошто мажите и жените се толку многу различни?“), со тоа што им допушта на некои мажи да ги монополизираат сите жени и потполно да им ги ускратат репродуктивните можности на голем број други мажи, полигинијата создава недостаток на достапни жени. Ако 50 проценти од мажите имаат по две жени тогаш другите 50 проценти воопшто не можат да дојдат до сопруги. Ако 25 проценти од мажите имаат по четири жени тогаш другите три четвртини од мажите немаат никакви репродуктивни шанси и се соочуваат со реална можност да го минат животот како потполни репродуктивни губитници.

Според тоа полигинијата го зголемува компетитивниот притисок врз мажите, особено врз младите мажи со понизок општествен статус кај кои шансите да не добијат никакви репродуктивни шанси се големи затоа што постарите мажи со повисок статус стапуваат во брак со повеќе жени. Според тоа полигинијата ја зголемува веројатноста младите мажи да посегнат по насилни средства и да се обидат со нивна помош да дојдат до сексуални партнерки затоа што со тоа немаат многу што да загубат а можат многу да добијат

[1]Gambetta (2005, pp.259-63).

во споредба со мажите кои веќе имаат сопруги. Полигинијата го зголемува бројот на насилните кривични дела, какви што се убиствата и силувањата, во сите општества, дури и кога ќе се земат пред вид факторите на економскиот развој, економската нееднаквост, густината на населението, нивото на демократијата и географскиот регион.[2] Може да се каже дека полигинијата, како една од првите карактеристични одредници на Исламот, делумно придонесува и за раширеноста на самоубиствените бомбашки напади меѓу своите следбеници затоа што генерално го зголемува степенот на насилство меѓу сите млади мажи.

## *Полигинијата не е доволно објаснување*

Но иако го зголемува насилството, самата полигинија, не е доволна да биде единствената причина за самоубиствени бомбашки напади. Државите во субсахарска Африка и во регионот на Карибите се во многу поголема мера полигинични од муслиманските народи на Блискиот исток и во Северна Африка; дури осумнаесет од дваесетте најмногу полигинични народи во светот се наоѓаат во регионот на субсахарска Африка и Карибите.[3] Соодветно на тоа народите во овие региони бележат многу високо ниво на насилство а субсхарска Африка страда од долгата историја на постојани граѓански војни, *но во нив нема самоубиствени бомбашки напади.* Според тоа полигинијата, самата по себе, не е доволна причина за самоубиствените бомбашки напади.

Другиот клучен фактор е ветувањето на Исламот дека седумдесет и две девици го чекаат секој маченик во рајот. Таквото ветување создава силен мотив кај секој млад Муслиман кој е исклучен од репродуктивните можности на Земјата да замине на небото како маченик. Можноста да добие ексклузивен пристап кон седумдесет и две девици на небото можеби и не е толку привлечна за оние кои имаат барем еден сексуален партнер на Земјата, гарантиран со строгата моногамија. Но ваквата можност е прилично привлечна за оние кои се соочуваат со суровата реалност да станат потполни

[2]Kanazawa and Still (2000c)

[3]Првите 20 најмногу полигинични народи според овие мерила се: 1. Ангуила и Барбуда, 1. Бахами, 1. Барбадос, 1. Екваторијална Гвинеја, 1. Габон, 1. Хаити, 1. Лесото, 1. Св. Винсент/Гренадини, 1. Свазиленд (сите тие имаат најголема вредност на скалата на раширеност на полигинијата - 3,00), 11. Мароко (2,97), 12. Либерија (2,9), 13. Нигерија (2,8175), 14. Конго (бивш Заир) (2,8095), 15. Сиера Леоне (2,8), 16. Чад, 16. Никарагва (обете по 2,75), 18. Нигерија (2,725), 19. Того (2,6667), и 20. Мозамбик (2,6664). Само Мароко и Никарагва не се во регионите на субсахарска Африка и Карибите.

репродуктивни губитници на овој свет поради раширената полигинија.

Погледнато од перспективата на еволутивната психологија комбинацијата на полигинија (и отсуството на репродуктивни можности на Земјата) *и* ветувањето на голем харем девици на небото мотивира голем број млади Муслимани да станат бомбаши-самоубијци. Сите студии за бомбашите-самоубијци конзистентно укажуваат дека станува збор за значително помлади лица во споредба со муслиманската популација во целина но и во споредба и со другите припадници (кои не се самоубијци) на нивните екстремни политички организации, како Хамас и Хезболах. Освен тоа речиси сите бомбаши самоубијци се самци.[4]

## *Некои загатки во „Војната против тероризмот“*

Некои од загатките на актуелната ситуација во Ирак и на Блискиот Исток можеби можат да станат појасни ако ги погледнеме во светлината на еволутивната психологија. На пример, востаниците во Ирак убиле повеќе од шест пати повеќе Ирачани отколку Американци (до 29 јануари 2007 година вкупно 6004 припадници на полицијата и на војската на Ирак плус 10131 цивили наспроти 2466 припадници на американската војска).[5] Од перспективата на еволутивната психологија ирачките востаници можеби несвесно настојуваат да елиминираат колку што можат повеќе од своите машки сексуални ривали (мажи во Ирак), наместо да убиваат припадници на американската војска (неверници и окупатори). Според политикологот Статис Н. Каливас од Универзитетот Јејл, токму тоа се случувало во граѓанските војни на други два муслимански народа (Алжир и Оман).[6] Иако не е лесно да си спомнеме на тоа соочени со секојдневните вести што доаѓаат од окупираниот Ирак, востанијата не биле секогаш нужен одговор на странските окупации низ историјата. Немало апсолутно никакво востание, ниту во Германија ниту во Јапонија, против Сојузничката окупација после Втората светска војна.

Иако муслиманските бомбаши - самоубијци колективно се познати како „терористи“ тие се многу различни од традиционалните терористички групи, како на пример Ирската Републиканска Армија, ЕТА (Татковината и слободата на Баскија), Црвената армија на Јапонија и другите марксистички револуционери. Традиционално, терористите имаат јасни политички цели и за да ги остварат се подготвени да посегнат по насилство и деструкција. За

[4] Atran(2003); Berrebi(2003).

[5] O'Hanlon and Campbell(2007).

[6] Kalyvas(2005,pp.96-7).

традиционалните терористи најважни се политичките цели додека насилството и деструкцијата се само средство за нивно остварување. На пример, иако ИРА има извршено атентати врз голем број лица (главно британски политичари и војници), нема цел да убива случајни цивили. Токму затоа кога ИРА поставува експлозивни направи во комерцијални мети низ Британија обично предупредува на тоа 45 минути порано што е доволно време луѓето во конкретната зграда да можат безбедно да се евакуираат но не е доволно да се повикаат специјалните единици за откривање и демонтирање на експлозивни направи да ги деактивираат бомбите.[7] Иако припадниците на Гринпис и другите „еко-терористички“ групи често пати си ги доведуваат во опасност своите животи тие немаат намера свесно да ги загрозат животите на други лица. Традиционалните терористички групи настојуваат да му соопштат на светот дека се одговорни за насилството и деструкцијата и често го свртуваат вниманието на медиумите кон себе затоа што таквиот публицитет им помага да ја истакнат сопствената политичка агенда.

Нашите непријатели во актуелната „Војна против тероризмот“ се поинакви. Тие настојуваат да загрозат колку што е можно повеќе животи, вклучувајќи го и сопствениот, и не ги поставуваат јасно своите политички цели.[8] Не предупредуваат однапред за своите напади па дури а по извршувањето на делото не ја преземаат јавно одговорноста за него.[9] (Голем број прифаќања на одговорност што се појавуваат на разно-разни вебсајтови обично се неосновани.) Се чини дека единствената цел се состои во *самото* убивање и уништување наместо таквите дејствија да бидат средство за постигнување на некакви политички цели. Можеби токму затоа Палестинците, на пример, не ги сопираат своите самоубиствени напади дури и тогаш кога Израелската влада, под водството на Ехуд Барак, ги прифати речиси сите нивни барања (потполно повлекување на Иразелците од Западниот брег и од контролата на Ерусалим). [10]

Голем број загатки почнуваат да се разјаснуваат кога конкретната ситуација ќе ја погледнете од перспективата на еволутивната психологија. Можеби овие разурнувачки самоубиствени бомбашки напади воопшто не се „терористички“ дела, како што обично се тврди. МОжеби тие немаат никаква врска ниту со Израел ниту со американските или со британските војници. Можеби и тие се поврзани со сексот, како впрочем и сè друго во животот.

[7] Coogan(1995, pp.513-21).
[8] Atran(2003, p.1538); Friedman(2002, pp.144-5).
[9] Krueger and Maleckova(2003, p.129)
[10] Friedman(2002, pp.13-4, 19-20).